**НСК-КО.бр.9/17**
**Скопје, 29.06. 2017 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 - СКОПЈЕ**
**Одделение за организиран криминал и корупција**

I.
Врз основа на чл.39 ст.2 алинеја 9 в.в. со чл.319 ст.1. и чл. 321 ст.3.в.в. чл.165 ст.1 т.1 и 2 и чл. 146 ст.1 т.2 и 3 од ЗКП поднесувам:

**ОБВИНИТЕЛЕН АКТ**

**СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР И МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ**

***ПРОТИВ:***

1. В.П., од татко Г., мајка С., роден ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на РМ;

2. М.Ј., од татко М., мајка Л., роден ... година во П.Р.М., а живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на РМ, се води постапка за друго кривично дело;

3. Љ.Г., од татко Д., мајка Н., роден ... година, во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на РМ.

Врз основа на чл.39 ст.2 алинеја 9 в.в. со чл.469 ст.1. чл.471 од ЗКП поднесувам

**ОБВИНИТЕЛЕН ПРЕДЛОГ**

***ПРОТИВ:***

1. Н.Г., од татко Т., мајка Н., роден ... година во С.Р:М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на РМ, се води постапка за друго кривично дело.

***ЗАТОА ШТО:***

Во временскиот период од месец октомври 2012 година па се до месец октомври 2013 година во Скопје со умисла поттикнати од обвинетиот Н.Г., обвинетите В.П. како службено лице заменик на претседателот на Владата на РМ, М.Ј. како службено лице министер и Љ.Г. како службено лице директор на ЈП Д.П. договорено и заеднички како соизвршители во постапката за избор на компанија која ќе ги гради автопатните делници М.- Ш. и К.-О. ги искористиле своите службени овластувања и за компанијата S.C.L. прибавиле имотна корист во износ од најмапку 155.117.256 евра

или 9.569.183.522,00 денари за кој износ му нанеле штета на Буџетот на Република Македонија на начин што обвинетиот Н.Г. со намера автопатните делници да ги гради к. компанија S.C.L. го искористил своето реално влијание и службената положба и побарал од обвинетите В.П., М.Ј. и Љ.Г. да извршат службено дејствие што не би смеело да го извршат- да ја заобиколат примената на Законот за јавни набавки и листата на препорачани компании од Министерството на Н. Р. К. и проекгната документација за добивање на понуди за изградба на автопатните делници К. – О. и М. – Ш. да ја достават до компанијата S.C.L., а заради привидна конкуренција и до компанијата C.W.E., по што постапувајќи по ова барање обвинетите В.П., М.Ј. и Љ.Г. иако знаеле дека според чл.4 и 5 од Договорот за економска и техничка соработка во областа на инфраструктурата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Н. Р. К. склучен на ден 27.11.2012, не е исклучена примената на Законот за јавни набавки поради што и не постоеле услови за примена на чл.9 од Законот за јавни набавки како и игнорирајќи го фактот за постоење на листа на препорачани компании од Министерството на Н. Р. К., проектната документација во месец ноември 2012 година ја доставиле само до компаниите S.C.L. и C.W.E. при што откако компаниите S.C.L. и C.W.E. доставиле најпрво понуди за автопатната делница М. – Ш., за кои обвинетите В.П. и М.Ј. прво преговарале со двете компании, а за изградба на автопатната делница К. – О., на барање на обвинетиот Н.Г., започнале со постапка за преговарање само со компанијата S.C.L. исклучувајќи ја од преговори компанијата C.W.E. и во неконкурентна постапка во месец мај 2013 година обвинетите В.П., М.Ј. и Љ.Г. со компанијата S.C.L. постигнале и парафирале усогласен договор за изградба на автопатната делница М. – Ш. за износ од 226.696.367 евра во која се вклучени прифатената предмет пресметка од 206.087.607 евра и привремената сума од 10% од 20.608.760 евра, без вклучен ДДВ, додека за автопатната делница К. – О., иако од обвинетиот Љ.Г. биле информирани дека корегираните проектни цени од страна на ЈПДП за чинење на автопатот К.-О. изнесува 266.730.000 евра и знаеле дека во текот на преговорите со компанијата S.C.L., копанијата C.W.E. доставила дополнителна понуда со пониска цена за автопатот К.-О. во износ од 369.000.000 евра и реално имала пониска цена на чинење за изградбата на овој автопат, со компанијата S.C.L., постигнале и парафирале усогласен договор за изградба и на автопатната делница К. – О. во износ од 411.287.800 евра во која се вклучени прифатената предмет пресметка од 373.898.00 евра и привремената сума од 10% од 37.389.800 евра, без вклучен ДДВ, по што заради исполнување на условите за добивање на кредит од C.E.B. која барала потпишан договор со компанијата која е избрана да ги изведува работите за да му дадат правна рамка на веќе извршениот незаконски избор на изведувач на ден 10.10.2013 година обвинетиот В.П. во име на Владата на Република Македонија како предлагач и обвинетиот М.Ј. како владин преставник до Собранието на РМ доставиле предлог Закон за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница М.-Ш. и патна делница К.-О. во кој како компанија која ќе ги гради автопатите ја определиле компанијата S.C.L. и за двете автопатни делници кон кој предлог ги доставиле усогласените и парафираните договори со компанијата S.C.L., лажно прикажувајќи дека понудата на компанијата S.C.L. е најповолна понуда прикривајќи ја дополнителната пониска понуда на C.W.E. за автопатот К.-О. па пратениците во уверување дека податоците во доставениот предлог закон се точни и дека носењето на законот е корисно за РМ го изгласале Закон за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница М.-Ш. и патна делница К.-О., а откако законот бил изгласан во Собранието на РМ, обвинетите В.П., М.Ј. и Љ.Г. ги потпишале претходно парафираните договори за изградба на автопатите и за компанијата S.C.L. прибавиле имотна корист во износ од најмалку 155.117.256 евра или 9.569.183.522,00

денари заработка над економската вредност на изградбата на автопатните делници за кој износ му нанеле штета на Буџетот на Република Македонија.

Со што обвинетиот Н.Г. сторил кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од КЗ, а обвинетите В.П., М.Ј. и Љ.Г. сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 и чл.22 од КЗ.

Поради што,

ПРЕДЛАГАМ

Основен суд Скопје 1 Скопје како стварно и месно надлежен суд да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која ќе се повикаат:

1. Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,
2. Обвинетите Н.Г. од С.Р.М., В.П. од С.Р.М., М.Ј. од С.Р.М.,
3. Сведоците ...
4. Да се повика преставник на Јавното правобранителство на РМ.

Обвинителниот акт се темели на следните докази:

**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.3 до стр.7)**

По одржаната главна, јавна и усна расправа обвинетите да се огласат за виновен и осудат согласно законот.

**ПОСЕБЕН ПРЕДЛОГ**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР И МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 12 в.в член 321 став 3 в.в. со член 144 од ЗКП, предлагам спрема обвинетиот В.П. да се определи мерката притвор врз основа на член 165 став 1 точка 1 и 2 од ЗКП а спрема обвинетиот Љ.Г. да се определат мерки на претпазливост врз основа на член 146 став 1 точка 2 и 3 од ЗКП од следните причини:

Ценејќи ги сите податоци прибавени во текот на истражната постапка сметам дека за обвинетиот В.П. определувањето на мерка притворот е неопходна за непречено водење на кривичната постапка бидејќи постојат околности што укажуваат

на опасностод бегство односно постојат причините предвидени во чл. 165 ст. 1 т. 1 од ЗКП.

Имено по собраните податоци од деловните банки, се утврди дека обвинетиот В.П. во 6 банки во Република Македонија поседува вкупно 27 банкарски сметки од кои 24 сметки се акгивни, на кои што што се наоѓа значителен износ на парични средства кои што би можеле да му послужат како средство со кое што би се реализирала неговата намера за бегство. Покрај ова во електронските медиуми се презентирани документирани податоци од кои што несоменно може да се утврди дека обвинетиот В.П. е сопственик и управител на неколку оф-шор компании на Кипар, поточно на компаниите П.К.; П. Л.Т.Д; П.Е. и П.К., кои што компании во неколку наврати се јавувале како економски оператори при јавните набавки во Република Македонија, каде што вредноста на предметот на договорот честопати достигнувал и милионски износ. Доколку на сето ова се додадат сознанијата дека обвинетиот В.П. постојано патува и ги напушта границите на Република Македонија, недвојбено може да се утврди дека постои значителен степен на опасност од бегство чиј што интензитет со протокот на време и прогресирањето на кривичната постапка во наредните фази постојано би се зголемувал како последица на видот на кривичното дело кое што му се става на товар, видот и висината на запретената казна и износот на материјалната штета која што е причинета со ова кривично дело.

Покрај постоењето на причините предвидени во чл. 165 ст. 1 т. 1 постојат и причините предвидени во чл. 165 ст. 1 т. 2 односно постои основан страв дека обвинетиот В.П. до колку се брани од слобода ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците и соучесниците. Основано се сомневаме дека до колку се брани од слобода обвинетиот В.П. ке влијае на сведоците во постапката кои се предложени на листата на докази а особено на сведокот М.С. и Б.Б., а исто така постојат сомнежи дека веке влијаел и ке влијае и на сведокот Ч.Л. Фактот дека обвинетиот В.П. веке се обиде и делумно успеа да влијае на сведокот М.С. се гледа и од изјавата на овој сведок дадена на записник за испитување на сведок од 06.06.2017 година, во кој изјави дека веке бил повикуван во локалот П. од страна на обвинетиот В.П. секогаш кога сведокот ќе бил поканет од страна на ова Јавно обвинителство. Средбите со обвинетиот В.П. секогаш се одвивале во насока која што водела до тоа дали нешто кажал сведокот односно воопшто како поминал на распитот во ова Јавно обвинителство. Од сето ова недвосмилено се утврдува постоењето на досегашно влијание и намера за влијание во иднина врз сведокот М.С. од страна на обвинетиот В.П.

Од тие причини предлагам против обвинетиот В.П. да се изрече мерка притвор врз основа на член 165 став 1 точка 1 и 2, поради поради опасноста од бегство и страв од попречување на кривичната постапка од негова страна со влијание на сведоците и соучесниците.

Обвинетиот Љ.Г. постојано за свои приватни цели патува надвор од границите на Република Македонија, поради што може да се појави опасност од обезбедување на неговото присуство во текот на кривичната постапка. Имајќи ги во предвид личните прилики на обвинетиот Љ.Г. односно имајќи во предвид дека истиот е неоженет и нема формирано свое семејство, има доволно приходи од кои може подолго време да си обезбеди сместување во друга држава сметаме дека истиот може да се даде во бегство. Доколку на сето ова се додаде видот на кривичното дело што му се става на, висината на запретената казна како и износот на материјалната штета која што е причината со истото, несомнено може да се утврди дека постои опасност обвинетиот

да се даде во бегство. Иако неспорно постои опасноста од бегство сметам дека неговото присуство може да се обезбеди и со примена на мерки на претпазливост.

Од тие причини предпагам на обвинетиот Љ.Г. врз основа на член 146 став 1 точка 2 и 3 да му се изречат следните мерки на претпазливост: Обврска на обвинетиот седмично да се јавува во просториите Основен суд Скопје 1 Скопје и привремено одземање на неговата патна исправа личен пасош број ... издаден од МВР.

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела**
**поврзани и кои произлегуваат од содржината**
**на незаконското следење на комуникациите**
**Катица Јанева**